# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
## кон Буџетот на Општина Битола за 2015 година

Со Законот за буџетите во целост се опфаќаат целите и начелата на современиот буџет и се утврдуваат постапки со кои Законот за буџетите станува *инструмент кој овозможува повеќегодишно буџетирање* , односно доследна реализација на развојната цел на буџетот. Согласно измените и дополнувањата на Законот за буџети член 29 ( Службен весник на Р.М. бр 64/05, 4/08, 103/08) се измени и соржината на Буџетот на општините кој содржи ; општ, посебен, и развоен дел;

▪ ***општиот дел ги содржи вкупните приходи и вкупните расходи за фискалната година како и глобалните проекциина приходи и расходи за наредните две години***
▪***посебниот дел содржи план на одобраните средства по програми, потпрограми за фискалната година***
▪***развојниот дел ги содржи плановите на програмите за развој прикажани поразвојни проекти***

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
## ПРИХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Битола во Буџетот за 2015 година се од :

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***
5. ***Домашно задолжување***

Приходите на Буџетот на општината за 2015 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Македонија и со Буџетот за 2015 година се планираат износи кои се дадени во табелата:

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 470.107.308,00 | **27,80%** |
| Неданочни приходи | 155.337.000,00 | **9,18%** |
| Капитални приходи | 167.200.000,00 | **9,89%** |
| Трансфери и донации | 742.704.281,00 | **43,91%** |
| Домашно задолжување | 155.883.097,00 | **9,22%** |
| **Вкупно**: | **1.691.231.686,00** | **100,00%** |

Од табеларниот приказ се заклучува дека најголемо учество во вкупните приходи со 43,91 % имаат приходите остварени од трансфери и донации, 27,80 % отпаѓаат на даночни приходи, додека останатите 9,18 % се приходи од неданочни приходи, 9,89% од капитални приходи, и приходи од домашно задолжување 9,22%.

Со анализата на даночните приходи се оценува способноста на општината да ги собере сопствените приходи особено даноците на имот и комунални такси кои преставуваат фисакален капацитет на општината и идните активности на општинската администрација треба да бидат насочени кон зголемување на приходите остварени од данокот на имот и комунални такси.

***а) Даночни приходи***

Даночните приходи во 2015 година се планираат во износ од 470.107.308,00 денари, при што нивниот распоред по видот на даночниот приход е даден во табеларниот приказ :

| | | |
|---|---|---|
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 16.260.000,00 | **3,46%** |
| Даноци од имот | 173.200.000,00 | **36,84%** |
| Даноци од специфични услуги | 242.600.000,00 | **51,61%** |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 38.047.308,00 | **8,09%** |
| **Вкупно**: | **470.107.308,00** | **100%** |

Кај структурата на даночните приходи може да се забележи дека најголемо учество ќе имаат приходите остварени од данокот на специфични услуги, односно уредување на градежното земјиште со процент од 51,61%, додека данокот од имот, ќе учествува со 36,84%, данокот на доход, од добивка и од капитални добивки отпаѓа 3,46 %, што е во рамките на планираните средства, и такси за користење или дозволи за вршење на дејност со 8,09%.

Ако посебно се анализираат само даноците од имот, се согледува нивната структура и учество во вкупниот износ на овој вид данок :

| | | |
|---|---|---|
| **7131** | Данок на имот | 93.000.000,00 |
| **7132** | Данок на наследство и подарок | 4.800.000,00 |
| **7133** | Данок на промет на недвижности и права | 75.000.000,00 |
| **7135** | Казни и камати | 400.000,00 |
| | | |
| | **Вкупно:** | **173.200.000,00** |

***б) Неданочни приходи***

Структурата на неданочните приходи за 2015 година во вкупниот Буџет на Општина Битола е претставена во следната табела и тие се составени од приходи од други владини услуги, такси и надоместоци и други неданочни приходи .

| | | |
|---|---|---|
| **722** | Глоби, судски и административни такси | 5.035.000,00 |
| **723** | Такси и надоместоци | 107.979.000,00 |
| **724** | Други владини услуги | 400.000,00 |
| **725** | Други неданочни приходи | 41.923.000,00 |
| | **Вкупно:** | **155.337.000,00** |

Кај неданочните приходи најголемо учество имаат такси и надоместоци 69,51%, следат други неданочни приходи 26,99%, глоби, судски и административни такси 3,24%, и други владини услуги со 0,26%.

***в) Капитални приходи***

| | | |
|---|---|---|
| **731** | Продажба на капитални средства | 45.000.000,00 |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 122.200.000,00 |
| | **Вкупно**: | **167.200.000,00** |

Продажбата на капиталните средства учествува со 26,91%, приходите од концесии и продажба на земјиште со 73,09%.

***г) Трансфери и донации***

Учеството на трансферите од други нивоа на власт и донациите од странство во вкупниот Буџет на Општината за 2015 година се застапени со следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 713.502.368,00 |
| **742** | Донации од странство | 29.201.913,00 |
| | **Вкупно**: | **742.704.281,00** |

Во делот на трансфери од други нивоа на власт доминираат дотациите од Буџетот на Република Македонија за остварување на надлежностите во основното образование средно образование, социјална и детската заштита. Овие средства се утврдени од надлежните министерства согласно законската регулатива и фискалната стратегија и политика утврдена од Владата на Република Македонија. Покрај наменските и блок дотации во овие приходи спаѓаат и средствата добиени од Фондот за патишта, Министерство за транспорт и врски,Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, и др.

***д) Домашно задолжување***

Учеството на домашното задолжување во вкупниот Буџет на Општината за 2015 година е застапено со следните износи:

| | | |
|---|---|---|
| **754** | Домашно задолжување | 155.883.097,00 |
| | **Вкупно**: | **155.883.097,00** |

Домашното задолжување се однесува на Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка под следните услови:рок на отплата 13 години,грејс период 3 години,последен датум на отплата не подоцна од 15.02.2030 година.

# РОДОВО БУЏЕТИРАЊЕ

Родовото буџетирање  е примена на политиката на вклучување на родовите аспекти  во буџетскиот процес.Тоа подразбира проценка  на буџетите базирана  врз родовите аспекти,вметнување на родовата перспектива  на сите нивоа  од буџетскиот процес и преструктуирање на приходите и трошоците  со цел да се  промовира родовата еднаквост.
Во текот на изминатите години, УНИФЕМ ги подржуваше владините и невладините организации во Југоисточна Европа да превземат различни иницијативи кои се стремат кон промоција на употребата на родовото одговорно буџетирање.Работата  на полето на родовото одговорно буџетирање во Југоисточна Европа се одвива во четири земји, вклучувајќи ја и Македонија.
Општина Битола во креирање на буџетот од родов аспект во 2015 година , предвиде средства во расходниот дел на буџетот на Општина Битола за следните  активности:

1. Еднократна парична  помош на жени уметници( музика, театар и сл)
2.Трансфери до женски спортски клубови
3. Јавно осветлението пред градинки. училишта,автобуски постојки
4.Разубавување и уредување на дворовите  на детските градинки
5.Еднократна  парична помош на жени жртви на семејно насилство
6.Еднократна парична помош на матуранти ( деца без родители)
7.Преглед на ултра звук на жени самохрани мајки невработени

Вклучувањето на родовото буџетирање, како стратегија која е насочена  кон економската политика со фокус на буџетот, ќе го зголеми нивото на транспарентност, на учество на граѓаните,како и подобрување на економските политики во насока на задоволување на различните потреби на мажите и жените во општината Битола.
Овој буџет е програмски структуиран што овозможува буџетско следење, транспаретност  и ефикасност на обезбедените средства  за  спроведување на родовото буџетирање.

# ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Вкупните планирани расходи на Општина Битола за 2015 година изнесуваат **1.691.231.686,00** денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.

| | | |
|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 636.097.048,00 |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 400.000,00 |
| **42** | Стоки и услуги | 394.616.782,00 |
| **45** | Каматни плаќања | 200.000,00 |
| **46** | Субвенции и трансфери | 38.624.640,00 |
| **47** | Социјални бенифиции | 5.400.000,00 |
| **48** | Капитални расходи | 615.893.216,00 |
| | **Вкупно:** | **1.691.231.686,00** |

Од табеларниот приказ може да се констатира дека со планираните расходи на општина Битола се утврдува значајна развојна компоненте на јавните услуги кои се надлежност на општината. Учеството на капиталните расходи е со 36,43% со што ќе се иницира изградбата на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги. Во делот на расходите за стоки и услуги на кои отпаѓаат 23,33 % покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина. Во Буџетот на Општина Битола се обезбедени средства за функционирање на 12 основни училишта , 6 средни училишта, 2 градинки, старски дом, и зоолошка градина. Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 37,61%.Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации,спортските клубови,ќе учествуваат со 2,29 %.Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,32% и резервите и недефинираните расходи со 0,02%.

## ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно - оперативните и капиталните расходи.

Во рамките на тековно - оперативните расходи доминираат расходите за стоки и услуги 36,70 % и плати и надоместоци 59,15 % со што се обезбедува редовна основна функција на општината и локалните јавни установи. Со пренесените надлежности во образованието и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина се зголемува фискалната одговорноста на општината.

| | | |
|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 636.097.048,00 |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 400.000,00 |
| **42** | Стоки и услуги | 394.616.782,00 |
| **45** | Каматни плаќања | 200.000,00 |
| **46** | Субвенции и трансфери | 38.624.640,00 |
| **47** | Социјални бенифиции | 5.400.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.075.338.470,00** |

## Плати, наемнини и надоместоци за вработените

Платите и надоместоците кои се неопходни за функционирање на Општина Битола и локалните јавни установи се планираат да опфатат околу 37,61% од вкупно планираните расходи во 2015 година.

| | | |
|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 458.136.603,00 |
| **402** | Придонеси за социјално осигурување од работодавачи | 170.130.445,00 |
| **404** | Надоместоци | 7.830.000,00 |
| | **Вкупно:** | **636.097.048,00** |

## Резерви и недефинирани расходи

| | | |
|---|---|---|
| **412** | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000,00 |
| **413** | Тековни резерви (разновидни расходи) | 200.000,00 |
| | **Вкупно:** | **400.000,00** |

Постојаната резерва се употребува за расходи настанати како последица на природни и други несреќи, како што се: суша, земјотрес, пожар, поплави и други природни односно еколошки несреќи во согласност со законот, епидемија, животински заразни болести и растителни штетници.

Средствата од тековната резерва се користат за одредени итни потреби на општината , доколку не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината, ја определува употребата на средствата за претходно утврдените намени.

## Стоки и услуги

Поради превземањето на поголем број надлежности во 2015 година планираниот дел на Буџетот на Општината Битола кој се однесува на стоки и услуги наменет за потребите на локалната самоуправа, основните училишта, средните училишта,зоолошката градина, старски дом, и градинките изнесува 23,33 % од вкупно планираните расходи.

| | | |
|---|---|---|
| **420** | Патни и дневни расходи | 7.107.976,00 |
| **421** | Комунални услуги, греење,комуникации и транспорт | 123.858.479,00 |
| **423** | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 49.213.072,00 |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 86.143.212,00 |
| **425** | Договорни услуги | 89.239.243,00 |
| **426** | Други тековни расходи | 29.114.800,00 |
| **427** | Привремени вработувања | 9.940.000,00 |
| | **Вкупно:** | **394.616.782,00** |

## Каматни плаќања

Средствата за каматни плаќања опфаќаат 0,01% од вкупните расходи во буџетот.

| | | |
|---|---|---|
| **452** | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 200.000,00 |
| | **Вкупно:** | **200.000,00** |

## Субвенции и трансфери

Средствата за субвенции трансфери опфаќаат 2,28 % од вкупните расходи во буџетот.

| | | |
|---|---|---|
| **463** | Трансфери до невладини организации | 19.200.000,00 |
| **464** | Разни трансфери | 18.944.640,00 |
| **465** | Исплата по извршни исправи | 480.000,00 |
| | **Вкупно:** | **38.624.640,00** |

## Социјални бенифиции

Социјалните надоместоци опфаќаат 0,32 % од вкупните расходи.

| | | |
|---|---|---|
| **471** | Социјални надоместоци | 5.400.000,00 |
| | **Вкупно:** | **5.400.000,00** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, изградба на улици и патишта,водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината. Во капиталните расходи се планирани и средства за купување на мебел, опрема возила и машини. Овие расходи се во функција на подобрување на јавните услуги и подобрување на инфраструктурата во општината. Учеството на капиталните расходите изнесува 36,43 %.

| | | |
|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 18.904.018,00 |
| **481** | Градежни објекти | 500.000,00 |
| **482** | Други градежни објекти | 583.169.698,00 |
| **483** | Купување на мебел | 1.631.500,00 |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 5.508.000,00 |
| **486** | Купување на возила | 6.180.000,00 |
| | **Вкупно:** | **615.893.216,00** |

# ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

## *СОВЕТ НА ОПШТИНА*

Финансирањето на советот на општината се врши за реализација на следниве надлежности:

- Донесување на статутот на општината и други прописи;
- Донесување на буџет на општината, Одлука за извршување на буџетот на општината и годишна сметка на општината;
- Утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината во границите утврдени со закон;
- Основање на јавни служби во рамките на надлежноста на општината и вршење надзор над нивната работа;
- Именување на членови во управните одбори на јавните служби кои ги основа;
- Усвојување на програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основала општината;
- Усвојување на извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината; и др надележности

Работата на Советот на Општина Битола се финансира во износ од **247.001.972,00** за извршување на следните работи:

1. Трошоци диркетно поврзани со работата на советниците
2. Трошоци што се диркетно поврзани со работата на советот на општината
3. Постојана и тековна резерва која ја распределува советот на општината
4. Спроведување на одлуката за дезинфекција, деритизација,дезинсекција
5. Трансфери до разни организации и здруженија
6. Изградба и реконструкција на објекти, патишта, мостови,капацитети во енергетиката,капацитети за водоснабдување и др.
7. Експропријација и др.

Во програмата Совет на Општината се испланирани средства во износ од **155.883.097,00 денари**, од Домашното задолжување кое се однесува на Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка под следните услови:рок на отплата 13 години,грејс период 3 години,последен датум на отплата не подоцна од 15.02.2030 година.

## *ГРАДОНАЧАЛНИК*

Финансирањето на градоначалникот на општината се врши за реализацијата на следниве надлежности:

- Претставување и застапување на општината;
- Контролирање на законитоста на прописите на Советот на општината;
- Објавување на прописите на Советот на општината во службеното гласило на општината;
- Обезбедување на извршувањето на одлуките на Советот на општината;

- Обезбедување на извршувањето на работите кои со закон и се делегирани на општината;
- Иницирање и предлагање на прописи од надлежност на Советот на општината;
- Предлагање на годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на општината;
- Извршување на буџетот на општината;
- Избирање на директори на јавните служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс;
- Редовно известување на советот на општината за извршувањето на своите надлежности во согласност со статутот;
- Решавање на управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица во согласност со закон;
- Донесување на правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Раководење со општинската администрација;

Работата на Градоначалникот на Општина Битола се финансира во износ од **7.097.000,00** за извршување на повеќе активности.
Средствата се планираат за работа на градоначалникот на општината и тоа за:

- Плата и надоместоци за градоначалникот
- Патни трошоци за градоначалникот и
- Други трошоци што се директно поврзани со работата на градоначалникот и кабинетот на градоначалникот.

***ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА***

Средства кои се планираат за работата на општинската администрација се во износ од **169.247.000,00** и истите се распоредуваат за:

- Плати на вработените во општината,
- Тековно оперативни трошоци потребни за работењето на општината, вклучувајќи го и работењето на советот, градоначалникот, како што се:

a) Канцелариски материјали за потребите на општината;
b) Телефонски сметки на општината;
г) Тековни сметки на општината за потрошена електрична енергија, потрошена вода, подигање на смет и други комунални услуги;
д) Тековни поправки и одржување на капиталните средства на општината:

- Канцелариска опрема

Во оваа програма предвидени се средства во колона Донации во износ од **10.575.048,00 денари** за реализација на проектот Биофос.

***МЕСНА САМОУПРАВА***

Средствата кои се предвидени во оваа програма се наменети за тековно одржување на месните заедници и се во висина од **530.000,00 денари**.

## *УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ*

Тековно-оперативните расходи за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови. Средствата во оваа потпрограма се планираат за финансирање на активностите согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Овие активности се однесуваат на донесувањето на годиШна програма за изработка на плановите.

Во буџетот се планираат средства за функциите во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот и истите се во износ од **1.500.000,00 .** Во таа насока Советот ги донесува урбанистичките планови и тоа: детален урбанистички план; урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.

Средства за урбанистичко планирање се планираат за:

- трошоци поврзани со изработката на детален урбанистички план;
- трошоци поврзани со изработката на урбанистички план за село;
- трошоци поврзани со изработката на урбанистички план вон населено место.

## *ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ*

Расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти , партиципација на општината во центарот за рамномерен регионален развој за тековно работење поддршка на проекти кофинансирање на општината и поддршка на други проекти, изработката на проекти за улици,патишта,водоводи, канализација,и др, во вкупен износ од **24.815.935,00 денари**.

## *ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ*

Со средствата наменети во оваа програма во износ од **300.000,00 денари** ќе се помагаат проектите за развој на туризмот во градот.

## *КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ*

Во рамките на комуналните дејности општината планира средства за одржување во исправна состојба на постоечката урбана опрема и средства за одржување на јавното осветление во износ од **62.789.596,00 денари** , програмата за вертикална и хоризонтална сигнализација ќе се финансира со средства во висина од **23.617.314,00 денари**, одржувањето и заштита на локални улици и патишта, расчистување на снегот ќе се финансира со средства од Агенцијата за државни патишта во износ од **10.927.946,00 денари**, и др.

Тековно-оперативните расходи за одржување и функционирање на системите на јавно осветлување во општината се планираат врз основа на приходите кои се добиваат од комуналната такса за јавно осветлување. Овие средства се користат за намирување на трошоците за електричната енергија што се користи за јавно осветлување и одржување на системите за јавно осветлување.

Општината обезбедува средства и за одржување на постоечките паркови и обновување на зеленилото во општината во износ од **13.000.000,00 денари.**

Според Законот за јавна чистота од оваа година се планираат средства и за одржување на улиците во износ од **20.000.000,00 денари**.

*СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА*

Во тековни активности на општината во областа на спортот спаѓаат следниве активности и истите ќе се финансираат во износ од **15.200.000,00 денари.**

- Организизрање на спортски приредби и манифестации;
- Поддржување на училишниот систем на натпревари;
- Поддржување на масовните спортско рекреативни активности на граѓаните;

За капитални трошоци за спорт и рекреација се предвидени **32.905.600,00 денари**.

*МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ*

Платите на вработените (16 вработени лица-6 жени и 10 мажи) и тековно - оперативните расходи се финансираат од блок дотации од Министерство за Култура во износ од **8.246.000,00 денари** , за сите останати активности на Зоолошката градина ги користи средствата од самофинансирачки активности за која доставува финансиски план до општината и се предвидени средства во висина од **2.256.500,00 денари.** Во рамките на колоната Донации се предвидени и средствата од **2.225.180,00 денари** наменети за реконструкција на зоолошката градина.

Во колоната Донации покрај средствата на зоолошката градина како партнер предвидени се средства за дореализација на проектот ЗОО Иноватива и на општина Битола како партнер во висина од **1.043.363,00 денари**.

*ДЕТСКИ ГРАДИНКИ*

Детските градинки се корисници на блок дотација од Министерство за Труд и социјална политика и таа за 2015 година изнесува **56.150.000,00 денари,** наменети се за плати и надоместоци од плати на 181 вработени (12 мажи и 169 жени) и тековно-оперативни расходи**.**

Планираните средства од Самофинансирачки активности изнесуваат **38.745.000,00 денари**. и за начинот на користење на истите доставуваат финансиски план до општината.Во колона Донации предвидени се средства од донации во висина од **338.140,00 денари**.

*ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА*

Домот за стари лица како буџетски корисник за да може да функционира доставува до општината финансиски план за своето работење и по пат на самофинансирачки активности ќе се финансира со **21.000.000,00 денари**.

Блок дотацијата која ја добива од Министерство за труд и социјална политика изнесува **14.785.000,00 денари** и се наменети за плати на вкупно 35( 4мажи и 31 жени) вработени и тековно одржување на Домот за стари лица.

***ОБРАЗОВАНИЕ***

Училиштата како буџетски корисник на општината подготвуваат финансиски планови за своето работење. За основното образование, и средното образование односно за 18 училишта на подрачјето на општина Битола се планираат следниве средства од самофинансирачки активности во висина од **13.554.500,00 денари** за основно образование од програмата Н1, и **23.206.000,00 денари** за програмата Н2 средно образование.

Од блок дотациите се финансираат платите на 456 вработени( 303 жени и 153 мажи) во средните училишта и 906 вработени (705 жени и 201 мажи) во основните училишта и тековното одржување на истите изнесува **328.793.000,00 денари** за програмата Н1 Основно образование и **202.196.000,00 денари** за финансирање на програмата Н2 Средно образование.

Во колона Донации предвидени се средства во програма Н2- Средно образование во висина од **8.743.000,00 денари**, за реализација на проекти кај СОУ Гимназија Таки Даскало, СОУ Гимназија Јосип.Б.Тито,и СОЗУ Кузман Шапкарев, и средства од донации во програмата Н1- Основно образование во висина од **5.988.115,00 денари** за реализација на проекти кај ОУ Климент Охридски и ОУ Ѓорги Сугарев, ОУ Коле Канински и др.

***ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА***

За финансирање на активностите на противпожарната единица во Битола во рамките на оваа програма се планираат средства за функционирање и од Буџетот на општината **4.108.500,00 денари**, и со наменска дотација од Министерство за Внатрешни работи **12.442.000,00 денари,** наменети исклучиво за плати на вработените во ТППЕ-Битола. Колоната донации е испланирана за донации во висина од **289.067,00 денари** за дореализација на проектот "План за развој на прекугранична заедничка заштита од пожар".

***ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

Во буџетот на општина Битола се планираат расходи поврзани со превземањето на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина кои не се во исклучива надлежност на други државни органи.

Општина Битола ќе превзема мерки и активности за зачувување и унапредување на здравјето, животната и работна средина, како и за заштита од заразни болести со средства во износ од **15.947.308,00 денари.**

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Планот на програмите за развој претставува среднорочен приказ на програми кои се наменети за развојни инвестиции и истиот ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства во општината по одделни буџетски програми и потпрограми . години во кои истите ќе се реализираат и изворите на нивното финансирање .

Со воведување на плановите на програми за развој како составен дел на предлог - буџетот се овозможува современа постапка за менаџирање со буџетските средства , со која за прв пат на општините им се дава можност одобрените средства во програмите и потпрограмите на развојниот дел на основниот буџет кои нема да се искористат во текот на

фискалната година , да се пренесат како одобрени средства за првото полугодие од наредната фискална година , во износ од 50% од неискористениот дел .На ваков начин развојниот дел на буџетот овозможува воведување на повеќегодишно планирање и буџетирање.

**Општината Битола приоритет во овие развојни програми му даде на 10 развојни проекти;**

- EAA Капитални трошоци на општината - реконструкција на Црн мост
- JAZ Изградба на осветлување - СРУ (АРМ четврт 1 и 2)
- JDL Изградба и реконструкција на локални улици и патишта населба Довлеџик
- JDM Изградба и реконструкција на локални патишта и улици ул Владимир Назор со кружен тек кај бензиската пумпа Лукоил
- JDZ Изградба и реконструкција на локални патишта и улици -СРУ ( АРМ четврт 1 и 2)
- JGZ Изградба на системи за водоснабдување - СРУ (АРМ четврт 1 и 2)
- JIZ Изградба на атмосферска и фекална канализација - СРУ (АРМ четврт 1 и 2)
- КАА Културно творештво- капитални трошоци- изградба на кино Манаки
- LAA Спорт и рекреација - капитални трошоци- фудбалски стадион под тумбе кафе
- FDA Изградба на други објекти

Вкупна вредност на развојните проекти за период 2015-2017 година изнесува **376.956.849,00 денари**, **или за 2015 година 181.984.505,00 , 99.972.344,00 денари за 2016 година, и за 2017 година 95.000.000,00 денари.**

## ПРОЕКЦИИ НА БУЏЕТ 2016-2017 ГОДИНА

Фискалните проекции за наредниот среднорочен период се базираат врз основа на Економската политика на Р.М.

Економската политика на Р.М. е насочена кон остварување на макроекономска стабилност и одржување на стабилен и одржлив национален економски развој , со продолжување на остварување на стратешките определби за зголемување на економскиот раст ,зголемување на вработеноста,подобрување на животниот стандард и квалитетот на животот на населението.

Така вкупниот буџет за **2016 година** е проектиран на **1.741.968.637,00 денари**,

Планираните приходи во основниот буџет на општината се проектирани на **808.315.856,00 денари**.

Приходи од самофинансирачки активности се предвидени во износ **101.724.860,00.**

Приходи од донации проектирани во износ **30.077.970,00 денари**

Приходи од дотации проектирани во износ **641.290.360,00 денари**.

Проектираните расходи за **2016 година** се во вкупен износ од **1.741.968.637,00 денари ,**и се однесуваат на:

Категориите 40 Плати, наемнини и надоместоци на вработените со 657.790.696,00 денари, 41 Резерви и недефинирани расходи 412.000,00 денари ,42 Стоки и услуги 403.844.549,00 денари,45 Каматни плаќања 206.000,00 денари, 46 Субвенции и трансфери 39.783.379,00 денари, 47 Социјални бенифиции 5.562.0000,00 денари, 48 Капитални расходи 634.370.012,00 денари.

Вкупниот буџет за **2017 година** е проектиран на **1.775.793.270,00 денари**,

Планираните приходи во основниот буџет на општината се проектирани на **824.011.310,00 денари**.

Приходи од самофинансирачки активности се предвидени во износ **103.700.100,00 денари.**

Приходи од донации  проектирани во износ **30.662.009,00 денари**

Приходи од дотации проектирани во износ  **653.742.600,00 денари**.

Проектираните расходи  за **2017 година** се во вкупен износ од **1.775.793.270,00 денари** и се однесуваат на категориите 40 Плати, наемнини и надоместоци на вработените со 670.563.331,00 денари, 41 Резерви и недефинирани расходи 420.000,00 денари ,42 Стоки и услуги 411.686.190,00 денари,45 Каматни плаќања 210.000,00 денари, 46 Субвенции и трансфери 40.555.872,00 денари, 47 Социјални бенифиции 5.670.000,00 денари,
48 Капитални расходи 646.687.877,00 денари.

*Изработил*
*Сектор за финансиски прашања*